Стр.

**Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската Унија кон кои се придржува/прифаќа Република Македонија на покана на ЕУ**

12. **Прегледите** на декларации, изјави, одлуки на Советот на Европската Унија и други правни акти на Европската Унија од Брисел, Њујорк, Женева, Виена и Стразбург, кон кои Република Македонија, на покана на Европската Унија или унилатерално се има придружено (Прилог 1 до Прилог 5).................. 2
13. **Одлука** за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2018/90 од 22 јануари 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела……………… 20
14. **Одлука** за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/466 на Советот од 21 март 2018 година за изменување на Одлука 2011/172/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Египет…………… 26
15. **Одлука** за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2018/421 на Советот од 19 март 2018 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија….................... 31
16. **Одлука** за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/476 на Советот од 21 март 2018 година за изменување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија……….............. 37

**Огласен дел**.................................... **1-80**

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2185.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 13 јуни 2018 година.

Бр. 08-3800/1
13 јуни 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Горге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Член 1

Во Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија” број 37/1997, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16 и 21/18), во членот 2 став 1 во алинеите 11 и 14 зборовите: „Агенција за посредување за вработување“ се заменуваат со зборовите: „Приватна агенција за вработување“.

Член 2

Во членот 3-б зборовите: „агенциите за посредување при вработување, агенциите за привремени вработувања“ се заменуваат со зборовите: „приватните агенции за вработување“.

Член 3

Членот 9 се менува и гласи:

„Работодавачот потребата од работник може да ја задоволи и преку приватна агенција за вработување во согласност со договор склучен меѓу работодавачот и агенцијата, со наплата од работодавачот.“.

Член 4

Во член 26 ставот 3 се брише.

Член 5

Членот 26-а се менува и гласи:

„Посредување за вработување во странство се врши врз основа на билатерален договор меѓу службите надлежни за посредување за вработување, односно спогодба или врз основа на претходно потпишан договор меѓу Агенцијата и работодавачот кај кого ќе биде упатено лицето за вработување.

Со договорот меѓу Агенцијата и работодавачот кај кого ќе биде упатено лицето за вработување задолжително се утврдуваат условите и начинот во врска со упатувањето и работата на лицето упатено на работа во странство.

Пред упатување на лице на работа во странство, Агенцијата со лицето потпишува договор во кој се утврдуваат меѓусебните права и обврски во врска со упатувањето и работата во странство.

По исклучок од ставот 3 на овој член, за работа на брод, Агенцијата има обврска да го запознае лицето кое се упатува на работа во странство со содржината на договорот пред заминувањето, а лицето договорот за вработување го потпишува со самото пристигнување на брод.

Лицето кое се упатува на работа во странство има право на надоместок за неисполнетите обврски од страна на работодавачот, согласно со договорот за вработување склучен меѓу лицето и работодавачот.“.

Член 6

Членот 26-б се брише.

Член 7

Во членот 26-в зборовите: „агенцијата за посредување" се заменуваат со зборовите: „приватните агенции".

Член 8

Членовите 27, 27-а и 27-б се бришат.

Член 9

Во членот 28 во воведната реченица зборовите: „и агенцијата за посредување за вработување се должни да се раководат" се заменуваат со зборовите: „е должна да се раководи".

Член 10

Во членот 59-б зборовите: „Агенциите за посредување за вработување во земјата и странство со наплата и Агенциите за привремени вработувања" се заменуваат со зборовите: „Приватните агенции за вработување".

Член 11

Во членот 100 став 4 во алинејата 1 зборовите: „член 27-а став 3 и" се бришат.

Во ставот 5 зборовите: „член 27-а став 4 и" се бришат.

Член 12

Започнатите постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија" број 37/1997, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16 и 21/18).

Член 13

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност.

Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR PUNËSIM DHE SIGURIM NË RAST TË PAPUNËSISË

Neni 1

Në Ligjin për punësim dhe sigurim në rast të papunësisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 37/1997, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16 dhe 21/18), në nenin 2 paragrafi 1 në alinetë 11 dhe 14 fjalët: "Agjencia për Ndërmjetësim për Punësim" zëvendësohen me fjalët "Agjencia Private për Punësim".

Neni 2

Në nenin 3-b fjalët: "agjencitë për ndërmjetësim gjatë punësimit, agjencitë për punësime të përkohshme" zëvendësohen me fjalët: "agjencitë private për punësim".

Neni 3

Neni 9 ndryshohet si vijon:

"Punëdhënësi nevojën për punëtor mund ta përmbushë edhe nëpërmjet agjencisë private për punësim në pajtim me marrëveshjen e lidhur ndërmjet punëdhënësit dhe agjencisë, me arkëtim nga punëdhënësi.".

Neni 4

Në nenin 26 paragrafi 3 shlyhet.

Neni 5

Neni 26-a ndryshohet si vijon:

"Ndërmjetësimi për punësim në vend të huaj bëhet në bazë të marrëveshjes bilaterale ndërmjet shërbimeve kompetente për ndërmjetësim për punësim, përkatësisht marrëveshjes ose në bazë të marrëveshjes së nënshkruar paraprakisht ndërmjet Agjencisë dhe punëdhënësit te i cili do të dërgohet personi për punësim.

Me marrëveshje ndërmjet Agjencisë dhe punëdhënësit te i cili do të dërgohet personi për punësim detyrimisht përcaktohen kushtet dhe mënyra lidhur me dërgimin dhe punën e personit të dërguar për punë në vend të huaj.

Para dërgimit të personit për punë në vend të huaj, Agjencia me personin nënshkruan marrëveshje në të cilën përcaktohen të drejtat dhe obligimet e ndërsjella lidhur me dërgimin dhe punën në vend të huaj.

Me përjashtim nga paragrafi 3 të këtij neni, për punë në anije, Agjencia ka për obligim ta njoftojë personin i cili dërgohet për punë në vend të huaj me përmbajtjen e marrëveshjes para nisjes, ndërsa personi marrëveshjen për punësim e nënshkruan me arritjen në anije.

Personi i cili dërgohet për punë në vend të huaj ka të drejtë për kompensim për obligimet e paplotësuara nga punëdhënësi, në pajtim me marrëveshjen për punësim të lidhur ndërmjet personit dhe punëdhënësit.".

Neni 6

Neni 26-b shlyhet.

Neni 7

Në nenin 26-v fjalët: "agjencia për ndërmjetësim" zëvendësohen me fjalët: "agjencitë private".

Neni 8

Nenet 27, 27-a dhe 27-b shlyhen.

Neni 9

Në nenin 28 në fjalinë hyrëse fjalët: "dhe agjencia për ndërmjetësim për punësim janë të detyruara të udhëhiqen" zëvendësohen me fjalët :"është e detyruar të udhëhiqet".

Neni 10

Në nenin 59-b fjalët: "Agjencitë për ndërmjetësim për punësim në vend dhe në vend të huaj me arkëtim dhe Agjencitë për punësime të përkohshme" zëvendësohen me fjalët: "Agjencitë private për punësim".

Neni 11

Në nenin 100 paragrafi 4 në alinenë 1 fjalët: "neni 27-a paragrafi 3 dhe" shlyhen.

Në paragrafin 5 fjalët: "neni 27-a paragrafi 4 dhe" shlyhen.

Neni 12

Procedurat e filluara deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, do të përfundojnë në pajtim me Ligjin për punësim dhe sigurim në rast të papunësisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 37/1997, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 2920/07, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16 dhe 21/18).

Neni 13

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për punësim dhe sigurim në rast të papunësisë.

Neni 14

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**2186.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОДДРШКА НА МЛАДИ ПРИ КУПУВАЊЕ НА МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ**

Се прогласува Законот за поддршка на млади при купување на музички инструменти,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 13 јуни 2018 година.

Бр. 08-3798/1
13 јуни 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ПОДДРШКА НА МЛАДИ ПРИ КУПУВАЊЕ НА МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ**

Член 1

Со овој закон се уредуваат постапката и условите за давање поддршка на млади при купување на музички инструменти за потребите во нивното образование.

Член 2

Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) дава поддршка на млади при купување на музички инструменти преку поврат на дел од исплатените средства за купен музички инструмент (во натамошниот текст: средствата).

Млади, во смисла на овој закон се редовни ученици запишани во државните средни училишта во кои се остваруваат планови и програми за музичка уметност и редовни студенти запишани на државните високообразовни установи каде се остваруваат студиски програми од областа на музиката.

Член 3

Министерството врши поврат на дел од исплатените средства за купен музички инструмент во висина од 75% од исплатените средства, но не повеќе од 100.000 денари по инструмент, за купени 25 музички инструменти од страна на редовни ученици запишани во државните средни училишта во кои се остваруваат планови и програми за музичка уметност и во висина од 75% од исплатените средства, но не повеќе од 100.000 денари по инструмент, за купени 25 музички инструменти од страна на редовни студенти запишани на државните високообразовни установи каде се остваруваат студиски програми од областа на музиката.

Министерството објавува Конкурс за поврат на средства за купен музички инструмент на почетокот на секоја учебна, односно академска година, на својата интернет страница. Конкурсот трае 60 дена.

Министерот за образование и наука (во натамошниот текст: министерот) формира комисија за разгледување на пристигнатите барања од учениците и утврдување на исполнетоста на условите од овој закон, составена од три члена од Министерството, два члена од редот на наставниците во државните средни училишта во кои се остваруваат планови и програми за музичка уметност и два члена од истакнатите стручњаци од областа на музичката уметност во Република Македонија.

Министерот формира комисија за разгледување на пристигнатите барања од студентите и утврдување на исполнетоста на условите од овој закон, составена од три члена од Министерството, два члена од редот на професорите во државните високообразовни установи каде се остваруваат студиски програми од областа на музиката и два члена од истакнатите стручњаци од областа на музичката уметност во Република Македонија.

Комисиите од ставовите 3 и 4 на овој член, изготвуваат извештај за својата работа, кој вклучува и ранглисти на кандидати кои ги исполнуваат условите од овој закон и доставуваат предлог до министерот за донесување на решенија за одобрување на барањето за поврат на дел од исплатените средства за купен музички инструмент.

Против решенијата од ставот 5 на овој член, може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Средствата за поврат на дел од исплатените средства за купен музички инструмент се обезбедуваат од Буџетот на Министерството.

Член 4

Со право на поврат на средства се стекнуваат учениците кои ги исполнуваат следниве услови:

- да се државјани на Република Македонија,
- да се запишани како редовни ученици во четврта година во државните средни училишта во кои се остваруваат планови и програми за музичка уметност,
- да имаат постигнато најмалку многу добар успех во прва, втора и трета година од средното образование,
- да имаат оценка одличен пет (5.00) по наставниот предмет по инструментот за кој конкурираат за поврат на средства во прва, втора и трета година од средното образование,
- да имаат најмалку една награда од музички натпревар или да имаат одржано јавен настап (самостоен концерт, рецитал, полурецитал, или солистички настап со ансамбл), во тековната или претходните две учебни години и
- вкупните месечни примања на родителите-старателите на ученикот, да се помали од четири просечно исплатени нето-плати по вработен за последните три месеци, а утврдени од Државниот завод за статистика.

Член 5

Ученикот до Министерството поднесува барање за поврат на средства.

Барањето од став 1 на овој член содржи податоци за: име, презиме, адреса на живеење и назив на училиштето каде е запишан како редовен ученик, контакт телефон, податоци за семејната положба и единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) на ученикот и неговите родители-старатели.

Член 6

Како прилог кон барањето од членот 5 од овој закон, ученикот ја доставува следнава документација:

- уверение за државјанство,
- потврда за редовен ученик запишан во четврта година во државно средно училиште каде се остваруваат планови и програми за музичка уметност,